Врз основа на член 21 од Законот за земјоделско земјиште ("Службен весник на Република Македонија" бр. 135/07, 18/11 и 148/11) по Одлуката бр.22-5985/1 од 25.05.2012 година Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, распишува

**Ј А В Е Н О Г Л А С бр. 06/12**
**за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост до 10 хектари**

## I. ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ОГЛАС

Се дава во закуп земјоделско земјиште во сопственост на државата во регионите:

| Р. бр. | РЕГИОН | ПОВРШИНА | | |
|---|---|---|---|---|
| | | ха | ар | $м^2$ |
| 1 | Куманово | 1558 | 92 | 64 |
| 2 | Валандово | 283 | 84 | 87 |
| 3 | Радовиш | 265 | 14 | 66 |
| 4 | Берово | 161 | 71 | 27 |
| 5 | Крива Паланка | 112 | 25 | 61 |
| 6 | Крушево | 38 | 48 | 01 |
| 7 | Прилеп | 1728 | 87 | 84 |
| 8 | Делчево | 890 | 49 | 64 |
| 9 | Пробиштип | 336 | 16 | 17 |
| 10 | Битола | 116 | 80 | 80 |
| 11 | Ресен | 114 | 88 | 45 |
| 12 | Кичево | 38 | 11 | 11 |
| 13 | Гевгелија | 1479 | 55 | 93 |
| 14 | Св.Николе | 804 | 44 | 25 |
| 15 | Велес | 513 | 75 | 11 |
| 16 | Кавадарци | 183 | 60 | 49 |
| 17 | Кисела Вода | 67 | 86 | 40 |
| 18 | Македонски Брод | 8 | 75 | 06 |
| **Се вкупно:** | | **8703** | **68** | **31** |

Податоците за земјоделско земјиште од овој јавен оглас (за службености и други товари, за состојбата во која се наоѓа земјиштето, катастарските податоци содржани во имотниот односно поседовниот лист) се во согласност со катастарската евиденција и увид во тие податоци за секоја површина може да се направи на огласна табла во подрачната единица во Министерството, надлежна за соодветната огласена површина.
Максималната површина на кој може да аплицира и да добие еден понудувач по овој оглас во однос на понудените катастарски парцели е 10 хектари.
Времетраењето на закупот за кој се издава земјиштето е:
- подигање на маслинарници за период до 50 години;
- подигање на долгогодишни насади (лозја, овоштарници, хмељ) и оранжерии за период до 30 години;
- спортско-рекреативни активности и рурален туризам до 30 години;
- рибници за период до 20 години;
- одгледување на други земјоделски култури за период до 15 години;
- ливади за период до 15 години.

## II. ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДАТА ОБРАЗЕЦ ЗА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ОГЛАС (ПОНУДА)

Образецот за учество на јавниот оглас (понуда), може да се подигне во подрачните единици на Министерството и истиот мора да се пополни со сите потребни податоци и да се достави со потребната документација во затворениот коверт, во спротивно понудата нема да биде разгледувана.
Образецот за учество на јавниот оглас (понудата) се доставува во еден оригинален примерок заверен и потпишан од понудувачот.
Секој понудувач може да достави само еден оригинален образец (понуда).
Понудата се поднесуваат во рок од 20 дена од денот на објавувањето на јавниот оглас во дневниот печат, до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Скопје.
**Понудата и другата документација се доставуваат во затворен коверт на кој во горниот лев агол треба да стои ознаката *„не отворај„***, *„Понуда по Оглас **06/12** за земјоделско земјиште под закуп во регион* (**се впишува регионот**) и во средина ***„Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство ул.Јуриј Гагарин бр.15 Скопје"***

**Ковертот не треба да содржи никаква ознака со која би можел да се идентификува понудувачот, односно испраќачот.**

## III. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ОГЛАС

1) Право на учество на јавниот оглас за доставување на понуди за давање во закуп на земјоделското земјиште во државна сопственост до 10 хектари, имаат домашни физички и правни лица и странски правни лица.

2) Физичките лица од дел III ставот 1 од овој јавен оглас, треба да се регистрирани вршители на земјоделска дејност и/или запишани во единствениот регистар на земјоделски стопанства и/или да се трговец поединец на кои земјоделското производство или преработката на примарни земјоделски производи да им е претежна дејност.

3) Странските правни лица од дел III ставот 1 од овој јавен оглас, имаат право да учествуваат на јавен оглас доколку имаат регистрирано подружници во Република Македонија.

4) На домашните и странските правни лица или нивните подружници земјоделското производство или преработката на примарни земјоделски производи да им е претежна дејност или земјоделското земјиште им е потребно за вршење на научно-истражувачки дејности.

5) Право на учество на јавниот оглас и на поднесување на понуди во постапка со прибирање на понуди немаат лицата од дел III ставот 1 од овој јавен оглас, кои ги немаат намирено обврските по основ на закупнина по претходно склучени договори за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост.

6) Право на учество на јавниот оглас немаат правни лица за кои е отворена стечајна постапка, како и непрофитните организации.

## IV. ДОКУМЕНТАЦИЈА КОЈА ПОНУДУВАЧОТ Е ДОЛЖЕН ДА ЈА ДОСТАВИ СО ПОНУДАТА

1) Учесниците на јавниот оглас за давање на земјоделско земјиште во државна сопственост во закуп се должни да достават:

**а) за правни лица:**

- понуда за износот на годишната закупнина (образец од подрачна единица на Министерството)
- бизнис план кој содржи основни податоци за учесникот, целта за која ќе го користи земјиштето, применета технологија, број на вработени, пазарни аспекти, очекувани производно-економски резултати;
- изјава (заверена на нотар) од основачите и одговорното лице во правното лице дека не биле основачи или управители на правното лице кое користело земјоделско земјиште во државна сопственост под закуп, а кое не ги исполнило обврските од тој договор:
- доказ (акт) издаден од Централниот регистар на Република Македонија за извршениот упис во трговскиот регистар или од друг надлежен орган за упис на правните лица**;**
- доказ за намирени обврски по однос на придонеси на плати и плати за вработените (потврда издадена од Фонд за пензиско и инвалидско осигурување, потврда издадена од Фонд за здравствено осигурување и уверение издадено од Управа за јавни приходи) и
- потврда од подрачна единица на Министерството дека нема обврски по однос на неплатена закупнина за користење на државно земјоделско земјиште**.**

**б) за физички лица:**

- понуда за износот на годишната закупнина (образец од подрачна единица на Министерството)
- фотокопија од лична карта;
- програма за користење на земјиштето кое содржи основни податоци за семејството, техничко-технолошка опременост, целта за која ќе го користи земјиштето, пазарни аспекти;
- изјава за веродостојноста на податоците дадени со понудата заверена на нотар;
- изјава заверена на нотар дека не бил основач или одговорно лице во правното лице кое користело земјоделско земјиште во државна сопственост под закуп, а кое не ги исполнило обврските од тој договор
- потврда за упис во единствениот регистар на земјоделски стопанства, решение за регистриран вршител на земјоделска дејност (издадено од подрачна единица при Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство или од фондот за пензиско и инвалидско осигурување за стекнато својство на осигуреник како индивидуален земјоделец) или доказ од централниот регистар за регистиран трговец поединец;
- доказ за подмирени јавни давачки; и
- потврда од подрачна единица на Министерството дека нема обврски по однос на неплатена закупнина за користење на државно земјоделско земјиште**.**

2) Некомплетни и ненавремено доставени понуди на јавениот оглас нема да се разгледуваат.
3) Потребната документација се доставува во <u>оргинал или фотокопија заверена на нотар</u>.

## V. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛЕН ПОНУДУВАЧ

1) Комисијата врши избор на најповолен понудувач врз основа на следните критериуми утврдени во член 25 и 27 од Законот за земјоделско земјиште ("Службен весник на Република Македонија" бр. 135/07, 18/11 и 148/11) и *Правилникот за поблиските критериуми ("*Службен весник на Република Македонија" бр.12/08 и 26/12) и тоа:

- **оддалеченоста** на местото на живеење, односно седиштето на понудувачот во однос на земјоделското земјиште кое се нуди на јавниот оглас – **30 бодови**.
- **понудена** годишна закупнина по хектар – **25 бодови***.*
- **правниот статус** на понудувачот.– **30 бодови***.*
- видот на **планираното производство**.– **15 бодови***.*

Критериумот од дел V. точка 1 алинеја 1 од овој јавен оглас значи дека одалеченоста на местото на живеење, односно седиштето на понудувачот во однос на катастарската парцела што се објавува се наоѓаат во иста катастарска општина и се бодира со максимален број на бодови.

<u>Доколку понудувач е подружница на домашно правно лице се зема во предвид седиштето на правното лице кое ја основало подружницата;</u>

Критериумот од дел V. точка 1 алинеја 2 од овој јавен оглас се бодира согласно формулата – понудената годишна зкупнина по хектар поделена со највисоката годишна закупнина по хектар, помножена со максималниот број на бодови кои можат да се добијат согласно овој критериум.

Критериумот од дел V. точка 1 алинеја 3 од овој јавен оглас се бодира со максимален број на бодови за понудувач кој е регистриран вршител на земјоделска дејност и осигуреник во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување како индивидуален земјоделец, трговец поединец или правно лице кои ги исполнуваат условите од член 24 од Законот за земјоделско земјиште;

Критериумот од дел V. точка 1 алинеја 4 од овој јавен оглас се бодира со максимален број на бодови за понудувач кој аплицира за добивање на земјоделско земјиште во државна сопственост за подигање на маслинарници, долгогодишни насади, оранжерии, рибници, за користење на спортско-рекреативни активности и рурален туризам, одгледување на ливади и други земјоделски култури.

2) Почетната цена по хектар во постапка по овој јавен оглас се утврдува во зависност од катастарската класа и местоположбата на земјиштето.

3) Почетната цена изнесува 25 евра во денарска противредност за земјоделско земјиште од 1 до 4 катастарска класа и 15 евра во денарска противвредност за земјоделско земјиште од 5 до 8 катастарска класа, по среден курс на Народна Банка на Република Македонија на денот на уплатата.

4) Почетната цена на земјоделското земјиште кое се наоѓа во планински подрачја, почетната цена за земјиштето од 1 до 4 катастарска класа изнесува 15, а за земјиште од 5 до 8 класа изнесува 5 евра во денарска противврденост, по среден курс на Народна Банка на Република Македонија на денот на уплатата.

5) Понудите кои не ја содржат целата потребна документација, кои се поднесени по истекот на рокот за поднесување, означен коверт со која би можел да се идентификува понудувачот, понуди помали од почетната цена, аплицирање на површини поголеми од максималните 10 хектари или се поднесени од лице кое нема право да поднесува понуди, како и понудите кои не се изработени според условите утврдени во јавниот оглас, се отфрлаат како некомплетни.

## VI. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

Отварањето на понудите ќе биде јавно во просториите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, на *ул. Трета Македонска Бригада-зграда на Македонија Табак.*
на ден 19.06.2012 година во $10^{00}$ за Куманово, Валандово, Радовиш, Берово, Кр. Паланка и Крушево
на ден 20.06.2012 година во $10^{00}$ за Прилеп, Делчево, Пробиштип, Битола, Ресен и Кичево
на ден 21.06.2012 година во $10^{00}$ за Гевгелија, Св.Николе, Велес, Кавадарци, К. Вода и М. Брод

За дополнителни информации понудувачите може да ја посетат веб страницата на Министерството www.mzsv.gov.mk или да се обратат до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на телефон: **02 313 44 77**